Врз основа на член 2, став 1 од Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 161/2010) и член 61, став 1, алинеја 2 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Стоматолошкиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – (Универзитетски гласник бр. 136/09), Деканатската управа, на своја редовна седница одржана на 3.10.2011 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Стоматолошки факултет - Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Стоматолошки факултет - Скопје.

### Член 2

Вработениот има право на плата согласно со закон, колективен договор, Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во натамошниот текст: Правилникот на УКИМ) и со оваа Одлука.

Покрај плата, вработениот има право и на надоместок на плата, надомест на трошоци поврзани со работата и надомест за вршење на дополнителни работи и задачи кои не спаѓаат во редовните работни обврски согласно со закон, колективен договор, Правилникот на УКИМ и со оваа Одлука.

### Член 3

Платата на вработениот за работа со полно работно време и нормален работен учинок не може да биде пониска од основната плата утврдена со оваа Одлука.

Доколку кај Факултетот настанат тешкотии во работењето, на вработениот му се исплатува плата пониска од основната.

На работникот во случајот од став 2 на овој член му се исплатува плата во износ утврден од Министерството за образование и наука според коефициентите на сложеност за работните места во високото образование.

### Член 4

Платата на вработениот се пресметува и се исплатува еднаш месечно, во паричен износ.

Платата, придонесите за задолжително социјално осигурување и персоналниот данок од доход на платите и надоместоците на вработениот ги исплатува Факултетот.

Платата, придонесите, даноците и другите давачки на платите и надоместоците на вработениот се исплаќаат:

- од средствата стекнати од Буџетот на Република Македонија;
- од средствата стекнати од Буџетот на Република Македонија и од средствата стекнати од други извори (кумулативно);
- од средствата стекнати од други извори.

Делот од платата, односно платата се исплаќа од средствата стекнати од други извори, доколку на Факултетот се остварени приходи од други извори.

### Член 5

Факултетот води евиденција за платите и другите надоместоци, за исплатените даноци и придонеси од плати,

а на вработениот му издава потврда за исплатената плата или надоместокот, како и потврда за исплатените даноци и придонеси.

## II. ПЛАТА

**Член 6**

Платата се состои од:
1. основна плата;
2. дел од плата за работна успешност;
3. додатоци.

### 1. Основна плата

**Член 7**

Основната плата се искажува во бодови, за секое работно место утврдено со актот за организација и систематизација на работните места на Факултетот и тоа за наставно-научниот и соработничкиот кадар и лицата вработени во Стручната и административната служба.

Основната плата искажана во бодови за секое работно место за лицата се утврдува според степенот на стручната подготовка, видот и обемот на работите што работникот ги врши на работното место за кое склучил договор за вработување, односно на кое е распореден.

**Член 8**

За да стекне плата, вработениот е должен да ја извршува работата утврдена во актот за организација и систематизација на работните места на Факултетот.

Извршувањето на работата треба да биде квалитетно, редовно, навремено, целосно и точно.

*Мерила и критериуми за остварување на основна плата*

Наставници и соработници

**Член 9**

Основната плата на наставниците, по одделни работни места, се остварува за извршување настава за реализација на првиот циклус во обем од 240 часа настава годишно.

Структурата на наставата од став 1 на овој член се утврдува како што следува:
- 60 часа предавања;
- 60 часа за подготовка за предавања и вежби;
- 40 часа вежби;
- 20 часа континуирана проверка на знаења;
- 20 часа завршна проверка на знаења;
- 40 часа прием на студенти.

Со исполнувањето на 60 часа предавања се смета дека наставникот остварил 240 часа настава годишно.

Доколку наставникот држи вежби, одржан час вежби се засметува во сооднос 2 часа вежби е еднакво на 1 час предавања.

**Член 10**

Основната плата на соработниците, по одделни работни места, со полно работно време, се остварува за извршување настава во обем од 360 часа годишно, од кои:
- 280 часа вежби
- 50 часа подготовка за вежби;
- 30 часа за прием на студенти.

**Член 11**

Нормираниот обем на часови од членовите 9 и 10 на оваа Одлука се однесува за изведување настава и вежби на студиската програма за доктори по дентална медицина и на тригодишните стручни студии (додипломски студии).

Доколку наставникот, односно соработникот не го исполнува нормираниот обем со изведување настава и вежби на студиските програми од став 1 на овој член, за да оствари основна плата врши работи од член 21, став 1, алинеи 2 – 14.

Раководителите на катедрите се должни да им обезбедат ангажман на наставниците и соработниците за исполнување на нормираниот обем за остварување на основната плата.

Основната плата за нормираниот обем на работи изразена во бодови по работни места за наставно-научниот и соработнички кадар се утврдува во следнава висина:

| Работно место | Број на бодови |
|---|---|
| • Редовен професор | 775 |
| • Вонреден професор | 760 |
| • Доцент | 735 |
| • Асистент со докторат | 710 |
| • Асистент | 655 |
| • Помлад асистент | 635 |

Стручна и административна служба

**Член 12**

Основна плата на вработените во Стручната и административна служба се утврдува за полно работно време и нормален (просечен) работен учинок во вршењето на работата утврдена во актот за организација и систематизација на работните места на Факултетот.

Основната плата изразена во бодови по работни места за Стручната служба се утврдува во следнава висина:

| Работно место | Број на бодови |
|---|---|
| • Секретар | 690 |
| • Раководител на служба | 640 |
| • Референт во студентски прашања и факултетски администратор | 475 |
| • Референт во студентски прашања | 395 |
| • Референт – благајник | 395 |
| • Архивар | 330 |
| • Возач | 330 |
| • Библиотекар | 400 |
| • Оператор за информатичка опрема | 400 |
| • Технички секретар | 350 |
| • Хигиеничар | 300 |
| • Информатичар | 500 |
| • Курир | 300 |

**2. Дел од плата за работна успешност**

**Член 13**

Делот од плата за работна успешност се исплаќа во случаи на:

1. вонредно и натпросечно оптоварување на вработениот;
2. зголемен обем на работа;
3. предвремено и квалитетно извршување на работите.

*Мерила и критериуми за дел од плата за работна успешност*

**Член 14**

На работникот му се исплаќа дел од плата за работна успешност за:

- извршени работи и задачи утврдени со актот за организација и систематизација на работите и работните задачи (работни места), доколку тие работи се извршени во обем поголем од 20% од обемот кој претставува просечен (нормален) работен учинок;
- креативност и инвентивност во извршените работи;
- посебен придонес во подобрувањето на квалитетот на реализираните работи.

**Член 15**

Основната плата на работникот по основ на работна успешност во текот на месецот може да се зголеми до 20% од основната плата.

Делот од плата за работна успешност се исплаќа доколку се обезбедени средства за таа намена.

**Член 16**

Работната успешност на наставниците и соработниците во катедрите на Факултетот ја следи раководителот на катедрата.

Работната успешност на вработените во Стручната и административна служба ја следи секретарот на Факултетот.

Раководителот на катедрата, односно секретарот на Факултетот изготвува извештај за работникот, односно за работниците кои оствариле работна успешност и ја утврдува висината на делот од плата за работна успешност со посебно решение.

Извештајот и решението се изготвуваат по завршувањето на месецот во кој се извршени работите.

**3. Додатоци**

*Функционален додаток на основна плата*

**Член 17**

За извршување на раководни функции се утврдува функционален месечен додаток на основна плата од средствата стекнати од Буџетот на Република Македонија и од средствата стекнати од други извори, за следниве функции:

- декан
- продекан

Функционалниот додаток на основна плата од овој член се исплатува во висина одобрена од надлежното министерство од започнувањето на извршувањето на функцијата, па до нејзиното престанување.

*Други додатоци на основна плата*

**Член 18**

Вработените имаат право на додатоци на основната плата за прекувремена работа, работа во денови на празници и неработни денови и додаток за работен стаж, согласно со закон и колективен договор.

**4. Вредност на бодот**

**Член 19**

Вредноста на бодот, во зависност од расположливите финансиски средства, ја определува деканот со посебна одлука.

## III. НАДОМЕСТОЦИ

**1. Надоместоци од плата и надомест на трошоци поврзани со работата**

**Член 20**

Вработените имаат право на надоместоци од плата и надомест на трошоци поврзани со работата согласно со основите и критериумите утврдени со закон и колективен договор.

**2. Надоместоци за вршење на дополнителни работи и задачи кои не спаѓаат во редовни работни обврски**

***1. Наставно-научен и соработнички кадар***

**Член 21**

На наставниците и соработниците на Факултетот им се исплатува надомест за вршење на работи и задачи за:

- настава и вежби над нормираниот обем на часови на додипломските студии;
- реализација на постдипломски студии;
- реализација на втор циклус студии;
- реализација на постапка за стекнување научен степен - доктор на науки;
- реализација на трет циклус студии;
- реализација на специјализации и супспецијализации согласно со Законот за здравствената заштита;
- издавачка дејност;
- учество во работа на комисии, работни и стручни тела, работни групи и сл;
- активности во реализација на специјализации, курсеви, семинари, работилници, симпозиуми, перманентно образование и сл.;
- научноистражувачки проекти;
- настава на нематични факултети;
- настава надвор од Факултетот и Универзитетот.

*Изведување настава и вежби над нормираниот обем*

**Член 22**

За изведување настава и вежби на додипломските студии над нормираниот обем утврден со оваа Одлука се исплаќаат надоместоци за:

- настава 30 бода за 1 час;
- вежби 10 бода за 1 час.

Раководителите на катедрите водат евиденција, се одговорни и доставуваат извештај за лицата, видот и обемот на наставата. Извештајот се доставува до продеканот за настава. Продеканот за настава врши проверка на вистинитоста на вкупниот обем на часови за соодветната катедра согласно со распоредот на часовите.

*Извршување работи за реализација на постдипломски студии и за втор циклус на студии*

**Член 23**

За реализација на постдипломски и втор циклус студии, се исплаќа надомест за:

- настава 40 бода за 1 час;
- вежби 20 бода за 1 час;
- ментор на магистерски труд: 500 бода;
- комисија за оцена на магистерски труд: 80 бода за претседателот, 50 бода за член;
- комисија за одбрана на магистерски труд: 70 за претседателот, 50 за член.

Овластениот продекан е одговорен и води евиденција за лицата, видот и обемот на извршената настава.

*Извршување работи за реализација на постапка за стекнување научен степен - доктор на науки*

**Член 24**

За учество во оцена и одбрана на докторска дисертација, од износот на уплатените средства на кандидатот, се исплаќа надомест за:

- ментор на докторска дисертација: 1000 бода;
- комисија за оцена на подобност на тема: 100 бода за претседателот, 75 бода за член;
- комисија за оцена на докторска дисертација: 80 бода за претседателот, 55 бода за член;
- комисија за одбрана на докторска дисертација: 60 бода за претседателот, 35 бода за член.

**Член 25**

За реализација на третиот циклус студии, надоместоците се исплаќаат согласно со Правилникот за утврдување на износот на трошоците за студирање на третиот циклус-докторски студии на Универзитетот, и тоа:

- за лица - учесници во обука за истражување – 900 бода;
- за лица - учесници во едукација од областа – 1100 бода;
- ментор – 1000 бода;
- комисија за оцена на подобност на тема – 250 бода од кои 100 бода за претседателот, 75 бода за член;
- комисија за оцена на докторска дисертација – 300 бода од кои 80 бода за претседателот, 55 бода за член;
- комисија за одбрана на докторска дисертација – 200 бода од кои 60 бода за претседателот, 35 бода за член.
- Школа за докторски студии при УКИМ – 250 бода.

*Извршување работи за реализација на специјализации и супспецијализации*

**Член 26**

За реализација на специјализации и супспецијализации кои се реализираат според Правилникот за специјализациите и супспецијализациите на здравствените работници и здравствените соработници со

високо образование (Сл. весник на РМ бр. 89/2006), се исплаќа надомест за:

Делот од средствата наменет за настава во специјализации и субспецијализации се исплаќаат надоместоци за:

- учесниците во реализацијата на наставата;
- комисија за одбрана на специјалистички испит: 70 бода за претседателот, 50 бода за член.

Раководителот на катедрата е одговорен и води евиденција за лицата - учесници во наставата. Извештајот се доставува до овластениот продекан кој го одобрува извештајот.

**Член 27**

За реализација на специјализации и супспецијализации кои се реализираат според Правилникот за специјализациите и супспецијализациите на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование (Сл. весник на РМ бр. 61/2011) се исплаќа надомест согласно со прописите од областа на здравствената дејност.

*Учество во рецензентска комисија и уредник на издание*

**Член 28**

За учество во рецензентска комисија и уредник на издание, се исплаќа надомест за:

- учество во рецензентска комисија за избор во звање: 50 бода за претседателот, 30 бода за член;
- рецензент на учебник: 60 бода за претседателот, 30 бода за член;
- рецензент на учебно помагало: 40 бода за претседателот, 20 бода за член;
- уредник на издание: 150 бода.

*Учество во работа на комисии, работни групи, тела и сл.*

за извршување повремени ad hoc работи

**Член 29**

На членови на комисија, работна група, тело и сл. формирана(о) од орган на Факултетот, за изготвување нормативни акти, експертски анализи, стручни материјали и сл., и за други активности, им се исплаќа надомест во зависност од обемот и степенот на сложеност на работните задачи.

Членови на комисија, работна група, тело и сл. можат да бидат наставно-научните и соработничките кадри и лица од Централната стручна и административна служба – Ректоратот, Стручната и административна служба на Факултетот и надворешни лица.

Обемот и степенот на сложеност се утврдува од органот кој формирал комисија, работна група, тело и сл. при нивното формирање.

На член на комисија, работна група, тело и сл., во зависност од обемот и степенот на сложеност, се исплаќа надомест во висина од:

- за стручно-аналитички работи (студиски програми, самоевалуација, проекти, стратегии, програми, нормативни акти и сл.), од 500 до 1000 бода;
- за експертски анализи (за прашања од конкретна област и сл.), од 300 до 700 бода;
- за стручни работи (анализи, информативни материјали, монографии, извештаи и сл.), од 200 до 600 бода;
- за реализација на конгреси, курсеви, семинари, симпозиуми, перманентно образование и сл.), од 150 до 500 бода;
- за други активности (организациони, манифестациони и сл. работи, помошни активности: компјутерска и друга обработка на материјали и сл.), од 50 до 200 бода;
- за помошни и технички работи од 20, до 100 бода.

за извршување постојани работи

На лицата одговорни за раководење со внатрешните организациони единици, функционално – работни единици, студиските програми од трите циклуси, како и на координаторот на сите студиски програми се утврдува надомест од 100 до 300 бода.

Одлуки за учество на лица во извршување на работите од став 1 и став 2 на овој член и за висината на надоместот донесува деканот.

*Активности во реализација на курсеви, семинари, работилници, симпозиуми, перманентно образование и сл.*

**Член 30**

За реализација на курсеви, семинари, работилници, симпозиуми, перманентно образование и сл., им се исплаќа надомест на непосредните извршители со примена на критериумите од член 29 од оваа Одлука.

*Вршење работи на научноистражувачки проекти*

**Член 31**

Надоместоците за вршење работи на научноистражувачки проекти се исплаќаат со одлука на деканот, по предлог на раководителот на проектот и согласно со финансискиот план на проектот.

Одлуки за учество на лицата во извршување на работите од став 1 на овој член донесува деканот, по предлог на раководителот на проектот.

*Изведување настава и вежби на други факултети и научни институти на Универзитетот*

**Член 32**

Изведувањето настава и вежби на други факултети и институти во состав на Универзитетот се регулира со договори склучени помеѓу Факултетот и единиците на Универзитетот.

Надоместоците им се исплаќаат на лицата според обемот на реализираната настава и вежби.

*Изведување настава и вежби на други универзитети*

**Член 33**

Изведувањето настава и вежби на други универзитети се регулира со договори склучени помеѓу Факултетот и универзитетите.

Надоместоците им се исплаќаат на лицата според обемот на реализираната настава и вежби.

## 2. *Стручна и административна служба*

**Член 34**

На лицата вработени во Стручната и административна служба на Факултетот им се исплаќа надомест за вршење на работи и задачи за стручно, административно и техничко учество во извршувањето на работите од член 21, став 1, алинеи 1-6 од оваа Одлука и за учество во работа на комисии, работни и стручни тела, работни групи и сл.

**Член 35**

Надоместоците за стручно, административно и техничко учество во извршувањето на работите од член 21, став 1, алинеи 1-6 од оваа Одлука се исплатуваат во висина до 10% од вкупно исплатените надоместоци за наставно-научниот и соработничкиот кадар по основите утврдени во член 21 став 1 од алинеја од 1-6 од од оваа Одлука.

Износите се распределуваат за:

- секретар на Факултетот
  до 500 бода
- раководител на одделение
  до 400 бода
- референт
  до 200 бода
- други
  до 100 бода

- декан

до 700 бода

- продекан

до 500 бода.

Одлука за лицата кои учествуваат во одделните активности и за висината на надоместоците донесува деканот, по предлог на секретарот на Факултетот.

### 3. *Надоместоци за изведување високообразовна дејност од страна на лица кои не се вработени на Факултетот*

**Член 36**

На наставник или соработник на кој му мирува работниот однос поради извршување јавни функции за кои прима плата, наставник избран во наставно-научно звање кој не засновал работен однос и на Факултетот, а е во работен однос во јавна здравствена установа универзитетска клиника, ангажиран наставник во насловно звање, истакнат стручњак од практиката, на пензиониран професор и соработник, како и на други лица ангажирани во наставата им се исплаќа надомест за одржан час настава, односно за учество во наставата.

Надоместоците од став 1 на овој член се исплатуваат врз основа на поднесен извештај од страна на учесниците во изведувањето на наставата, одобрен од раководителот на соодветната катедра, а за другите лица одобрен и од предметниот наставник.

Висината на надоместот за еден час настава, односно вежби не може да биде повисока од вредноста за еден час предавања, односно вежби утврдена во член 22 од оваа Одлука.

На забните техничари кои учествуваат во претклиничките вежби им се исплаќа месечен надомест во висина до 100 бода, а на забните техничари кои учествуваат во претклиничките вежби и кои се задолжени со стоматолошки потрошен материјал им се исплаќа месечен надомест во висина од 100 до 300 бода.

### 4. *Средства за исплата на надоместоците*

**Член 37**

Исплатата на надоместоците се врши откако од вкупно остварените приходи се исполнат обврските утврдени со закон, Статутот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот ,Св. Кирил и Методиј во Скопје и исполнување на другите обврски на Факултетот.

**Вредност на бодот**

**Член 38**

Вредноста на бодот за надоместоците ја утврдува деканот со посебна одлука.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 39**

За се што не е уредено со оваа Одлука се применуваат одредбите од законот, колективниот договор, актите на УКИМ и другите прописи кои ја регулираат оваа материја.

**Член 40**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник.

**Декан**
**Проф. д-р Александар Грчев с.р.**